Бр: 10-96
Скопје: 06.09.2021

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-96 од 24.08.2021 година, поднесено од Фондот за иновации и технолошки развој, согласно Јавниот повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков„, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 06.09.2021 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 02-709/26 од 23.08.2021 година (Наш бр. 10-96 од 24.08.2021), поднесено од страна на Фондот за иновации и технолошки развој како давател на државната помош, утврди дека:

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Јавниот повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и оцени дека истиот **претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош **и доделувањето на истата е дозволено како помош наменета за унапредување на културата и заштитата на културното наследство, кога таа не влијае значително на трговските услови и конкуренцијата на пазарот** во смисла на член 8 став (2) точка г) од Законот за контрола на државната помош.

Јавниот повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за

заштита на конкуренцијата, во натамошниот текст „Комисија„ е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Фондот за иновации и технолошки развој, како давател на државна помош, до Комисијата достави Известување за планирано доделување на помош на основа на Јавниот повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ бр. 02-709/26 од 23.08.2021 година (Наш бр. 10-96 од 24.08.2021 година).

Комисијата утврди дека Известувањето е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како и тоа дека Известувањето е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) и како ден на прием на уредно известување се смета 24.08.2021 година.

Комисијата во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување за планирано доделување на државна помош и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Фонд за иновации и технолошки развој;

- **Корисник на државната помош е:** Шема на помош– Јавен повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“;

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта – Правила за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр. 01-514/17 од 20.01.2020 година, Правилата за дополнување на Правила за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и тeхнологијата бр. 01-797/6 од 16.03.2020 година и Правилата за дополнување на Правила за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр. 01-1662/5 од

01.06.2020 година, Јавниот повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" бр. 02-2646/5 од 14.08.2021 година и Одлука на Управниот одбор за Фондот за иновации и технолошки развој за донесување на текст за јавниот повик: Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" бр. 02-2646/6 од 14.08.2021 година.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Мерката опфаќа трансфер на државни средства затоа што преку Јавниот повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", предвидени се средствата од Влада на РСМ, а ќе ја реализира Фондот за иновации и технолошки развој во износ од 14.000.000 денари (227.642 евра).

Селективноста се состои во тоа што само едно претпријатие кое ќе победи на Јавниот повик ќе добие средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Економската поволност за корисниците на помошта се гледа во фаворизирање на конкретното претпријатие, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови.

Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од условите за доделувањето на оваа поддршка, јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека оперира на пазари на кои делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на конкретното претпријатие.

Оттука, при испитување на доставеното известување, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката Јавен повик за предизвикот Дигитализација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Согласно Јавниот повик, општата цел на овој предизвик е развивање на иновативни решенија за заштита, валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство на македонскиот јазик. Со реализација на овој проект треба да се постигнат специфичните цели:
1. Заштита, унапредување и промоција на утврденото културно

наследство, односно на македонскиот јазик преку создавање на лесно достапен дигитален оригинал од картотеките на Институтот за македонски јазик и култура, што може активно да се употребува од било која дигитална алатка, да се пребарува, прегледува да се пренесува од еден на друг носач, да се мигрира во нови технологии и активно користи за научно истражувачки цели или цели на потврдување и промоција на македонскиот јазик секаде во светот; 2. Создавање на дигитална форма и копија од оргининалот (микрофилм) на секој запис од картотеките на Институтот за македонски јазик во согласност со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, правилниците и методологијата за конверзија и создавање на дигитални оригинали и 3. Создавање на план за управување со оригиналите според принципите на управување со ризици и катастрофи.

Во Јавниот повик е наведено дека овој предизвик се реализира во партнерство помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој, Министерството за култура и Министерството за образование и наука, а во согласност со Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Овој проект е наменски проект, со кој се врши заштита и унапредување на национално културно наследство (добро) и сите придобивки од техничко-технолошките промени и унапредувања во формите, достапноста и квалитетот на содржината на картотеките (збирките) што им припаѓаат на Институтот „Крсте Мисирков".

Согласно Јавниот повик, за финансирање на проекти во рамки на овој повик обезбеден е вкупен буџет во износ од 14 милиони денари. За победничкиот предлог проект, Фондот обезбедува финансирање од 100 % од вкупниот буџет за проектот, во максимален износ од 14 милиони денари.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**